Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-212/2
08.04.2025 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–212/1 од 14.02.2025 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–212/1 од 14.02.2025 година, поднесена од [redacted] од Стар Дојран, **поради ненадлежност.**

### Образложение

На 14.02.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) е поднесена претставка од [redacted] од Стар Дојран, со адреса на живеење на [redacted] Подносителката во претставката изнесува околности во врска со дејствија од нејзин непосредно претпоставен врз неа како вработена во Министерството за внатрешни работи, во определен временски период.

Имено, таа наведува дека е вработена во МВР, на работно место инспектор по ЈРМ и превенција во ПО Нов Дојран, ПС ОН Гевгелија, ОВР Гевгелија, СВР Струмица. На ден 12.07.2023 година, со Решение бр. 22.6-77025/1 од 06.07.2023 од тогашниот Министер за внатрешни работи Оливер Спасовски е распоредена во Полициското одделение Нов Дојран, а од страна на Командирот на ПС ОН Гевгелија [redacted] како нејзин непосреден раководен старешина во присуство на Заменикот на ПС ОН Гевгелија извршиле вовед во работата на новото работно место. Таа наведува дека од 14.07.2023 година, врз неа од страна на Командирот на ПС ОН Гевгелија [redacted] отпочнало вознемирување на работно место. Тоа траело до месец јануари 2025 година, а по нејзината првична реакција и пријава за вознемирување на работното место, од страна на непосредно претпоставениот именуван во повеќе наврати се иницирани дисциплински постапки за подносителката, од кои последната резултирала со изрекување на санкција со распоредување на подносителката на пониско ниво на работна позиција. Според подносителката таквите неосновано водени дисциплински постапки иницирани од Командирот на ПС ОН Гевгелија [redacted] како одговор на нејзиното пријавување на вознемирување на работното место (мобинг) и нанеле штета во однос на можноста за нејзино кариерно напредување во МВР.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека изнесените околности во претставката укажуваат на настан во врска со вознемирување на работно место (мобинг), за што е предвидена постапка за заштита согласно Закон за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на РМ" бр. 79/2013 и 147/2015 и „Службен весник на РСМ" бр. 103/2021), а за што

подносителката видно од содржината на претставката веќе преземала дејствија за остварување на заштита.

Согласно наведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*
[redacted]
*- Архива на Комисијата*